# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десетото продолжение на 78 седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јануари 2002 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1 со почеток во 13,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и осмата седница на Собранието на РМ.

Продолжуваме со работа по Предлогот на Закон за Народна Банка на РМ.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по Амандманот на член 64 став 1 за бришење на точките 11, 18, и 19 поднесен од пратениците Таќи Фити и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Се работи за амандманот на член 64 став 1, за бришење на точките 11, 18 и 19 поднесен од пратнеиците Таќи Фити и Никола Поповски,

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 22 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против гласале 26 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандканот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 3 поднесен од пратнеиците Таќи Фити и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 24 пратеници, воздржано гласале 12 пратеници, против гласале 28 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Во меѓувреме пратеникот Александар Трпевски поднесе амандмани на член 20 за менување на став 1, член 64 за додавање нова точка 3 по точката 2, член 95, з а додавање нов став 4, за додаваше три нови членови 96-а, 96-б, и 96-в, по членот 96, член 55 за менување на став 2, член 57 за менување на став 2, и на член 58 став 1, и за менување на став 4 по кои Владата не се произнела.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандмани на член 10 за додавање нова алинеја 10, по алинејата 9 и на член 64 за додавање нова точка 6-а, по точката 6, на точката 13 и за додавање нова точка 20 по точката 19, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Александар Талевски и Васил Гаџовски поднесоа амандмани на член 70 став 1 и на член 72, за бришење на став 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нова алинеја 10 по алинејата 9, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 57 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1 и за менување на став 4, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за додавање на нова точка 3, по точката 2, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 64 за додавање на нова точка 6-а, по точката 6, на точката 13 и за додавање нова точка 20 по точката 19 поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 1, поднесен од пратениците Александар Талевски и Васил Гаџовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници од кои 48 за, воздржано гласале 2, против гласале 8 пратеници.

Ве молам да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

65 пратеници се во салата, но некој не гласал.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 72 за бришењ9 на став 4, поднесен од пратениците Александар Талевски и Васил Гаџовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Бидејќи се прифати амандманот 1, овие два амандмани се поврзани, не го прифаќаме.

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, со оглед на тоа што го прифативте амандманот 1 во врска со членот 70, амандманот 2 е само техничка доработка на текстот така што апелирам до пратениците да го прифатиме и овој амандман за да нема разлика.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, од кои 49 гласале за, воздржано гласале 7, против гласале 2 пратеници.

Дајте да провериме дали излегле некои пратеници или е ова точниот број што го утврдивме претходно.

Само 60 пратеници се внатре, излегле пратениците, ве молам нека влезат пратениците за да можеме да гласаме.

Ве молам да гласаме, сега сме 61 пратеник.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 54 за, 8 воздржано и 3 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за додавање нов став 4, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање три нови членови 96-а, 96-б и 96-в по членот 96, поднесен од пратеникот Александар Трпевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и претставници на Владата,

Сите се сеќавате во врска со расправата и усвојувањето на амандмани во Собранието кои го доведоа Собранието во позиција да не го донесе законот односно министерот да бара да се повлече од таа седница и да се продолжи понатаму.

Во врска со тоа настана соодветно усогласување помеѓу Министерството и пратеничките групи во врска со карактерот на некои од амандманите дури и со посредство на мисијата на ММФ во Македонија со цел да се изнејде решение кое ќе биде општо прифатливо за сите за овој важен закон.

Како резултат на тоа некои од амандманите кои сега понудени не беа поминати како компромисно решение, меѓутоа со прифаќање од страна, јас би замолил само претставниците на Министерството за финансии внимателно да ме слушаат, со договор дека амандманот поднесен од господинот Таки Фити и од мене под број 1 кој се однесува на членот 20 во врска со утврдувањето на девизниот курс на денарот од Народната банка или од Владата да биде прифатен од страна на Владата како компромис, а другите амандмани да не се изгласаат во врска со надлежностите на Собранието виза ви извештајот на Народната банка и нејзиниот совет.

По постигнувањето на тој компромис, јас навистина се извинувам, меѓутоа во овој момент заради брзината на амандманите кои Владта ги прифати само би сакал да ми се соопшти од страна на Владата дали сега пред гласањето амандманот 1 поднесен од господинот Таки Фити и Никола Поповски на членот 20 е прифатен или не и дали е сега составен дел на законот. Значи, се работи за многу битна материја.

Амандманот гласи дека Народната банка ја утврдува политиката на девизниот курс по претходно мислење на Владата, наспроти текстот на законот кој гласи дека Владата ја утврдува политиката на девизниот курс.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали тој амандман на поранешниот дел по расправата по амандмани или е сега.

Дајте да видиме.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би појаснил само дека во суштина е прифатен амандманот само се разликува овде стои "по претходна согласност" во новиот, а додека амандманот кој го предлагаат Поповски и Таки Фити стои "по претходно мислење". Значи, фактички се брише само зборот "мислење". Инаку, по претходна согласност сега стои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 64 за, никој не гласал воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Народна банка на Република Македонија.

Преминуваме на Четириесет и првата точка од дневниот ред

Предлог на закон за чек.

Општиот претрес по Предлогот на законот е заклучен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2, член 6, за бришење на став 4, за менување на член 8, за бришење на член 9, член 14 став 5, на членовите 16, став 1 и 3, 23 став 1, 46 став 2, 52 став 2 и 85 став 1. Член 26 за бришење на став 2, на членовите 37 став 2 точка 2 и 52 став 2, на членовите 53 став 2, 54 став 1, точка 3 и 4 и 89 став 1 и 3, член 68 став 2, за бришење на точка 2 и на член 90 став 1 и тие се сотавен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Илија Лазаров поднесе амандмани на член 2 став 16, член 3 став 2, член 4 став 2, член 12 став 2, член 16 став 3, член 21 став 3, член 29, член 30, член 42 став 2, член 44 став 1, член 54 став 1 точка 4, член 68 став 4, член 75 став 3, член 86 и на член 90 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандмани на член 2, член 6, за бришење на став 4, за менување на член 8, за бришење на член 9, член 14 став 5, на членовите 16 став 1 и 3, 23 став 1, 46 став 2, 52 став 2 и 85 став 1, член 26 за бришење на став 2, на членовите 37 став 2, точка 2 и 52 став 2, на членовите 53 став 2, 54 став 1 точка 3 и 4 и 89 став 1 и 3, член 68 став 2 за бришење на точка 2 и на член 90 став 1 и стите ги повлече.

Отворам претрес по амандманот на членот 2 став 16, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на членот 3 став 2, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на членот 4 став 2, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот ѕе прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на членот 21 став 3, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 42, став 2, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 44, став 1, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 54, став 1 точка 4, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 68, став 4, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 75, став 3, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 86, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 90, став 2, поднесен од пратеникот Илија Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес со текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот, и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 62 пратеници, воздржано гласале 3, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за чек.

Минуваме на 42-та точка, Предлог на закон за меница.

Општиот претрес по Предлогот на законот е заклучен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесен Амандмани на член 2 став 16, член 24 став 3, член 41 став 1, член 47 став 3, член 48 став 3, член 56 став 3, член 62 став 2, член 63 став 2, член 90 став 3, член 93 став 1, точка 2 и 3, член 100 став 2 и за замена членот број 126 со член 125, и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Васил Ефтимов поднесе амандмани на член 2 став 16, член 24 став 3, член 44 став 1, член 47 став 3, член 48 став 3, член 56 став 3, член 62 став 2, член 63 став 2, член 90 став 3, член 93 став 1, точка 2 и 3 и член 100 став 2 и за

пренумерација на членот 126 и истите ги повлече.

Пратеникот Коце Трајановски, поднесе амандман на член 35 став 1, член 54 за бришење на став 3, член 62 став 3, член 65 став 2, член 68 став 2 и на член 94 став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отварам пратрес по амандманот на член 54, за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отварам претрес по амандманот на член 62, став 3, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да са произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отварам претрес по амандманот на член 65, став 2, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се поризнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отварам претрес по амандманот на член 68 став 2, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отварам претрес по амандманот на член 94 став 2, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, за гласале 58 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против не гласал никој.

Молам да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Точно 61 пратеник се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за меница. Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 13,35 часот.